**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-141
17.03. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-794/1 од 02.03.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-999/4 од 17.03.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), на 2-ри февруари 2021 година, ниту една од емитуваните аудиовизуелни целини не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување, и тоа:
   - „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 00:01:50 часот до 00:32:57 часот;
   - „Дора истражува“, емитувана во периодот од 00:33:03 часот до 00:55:41 часот;
   - „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 00:55:51 часот до 01:04:00 часот;
   - „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 01:04:05 часот до 01:23:23 часот;
   - „Дајте музика“, емитувана во периодот од 01:25:01 часот до 01:48:44 часот;
   - „Поточиња 2018 г.“, емитувана во периодот од 01:48:50 часот до 01:51:55 часот;
   - „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 01:52:00 часот до 01:57:37 часот;
   - „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 01:57:48 часот до 02:03:23 часот;
   - „Бон-тон“, емитувана во периодот од 02:03:31 часот до 02:11:28 часот;
   - „Во светот на животните“, емитувана во периодот од 02:11:33 часот до 02:29:07 часот;
   - „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 02:29:11 часот до 02:58:03 часот;
   - „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 02:58:08 часот до 03:18:52 часот;
   - „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 03:18:58 часот до 03:24:33 часот;
   - „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 03:26:20 часот до 03:57:27 часот;
   - „Дора истражува“, емитувана во периодот од 03:57:32 часот до 04:20:10 часот;
   - „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 04:20:21 часот до 04:28:30 часот;
   - „Македонски народни приказни“, емитувана во периодот од 04:28:35 часот до 04:54:35 часот;
   - „Дора истражува“, емитувана во периодот од 04:54:38 часот до 05:12:37 часот;
   - „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 05:18:41 часот до 05:47:33 часот;
   - „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 05:47:39 часот до 06:08:22 часот;

- „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 06:08:29 часот до 06:39:38 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 06:39:43 часот до 06:51:00 часот;
- „Дора истражува“, емитувана во периодот од 06:52:39 часот до 07:15:33 часот;
- „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 07:15:41 часот до 07:25:44 часот;
- „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 07:25:49 часот до 07:46:28 часот;
- „Дајте музика“, емитувана во периодот од 07:47:27 часот до 08:16:35 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 08:16:40 часот до 08:22:13 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 08:22:26 часот до 08:28:00 часот;
- „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 18:12:43 часот до 18:22:44 часот;
- „Бон-тон“, емитувана во периодот од 18:22:49 часот до 18:30:52 часот;
- „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 18:30:58 часот до 18:59:23 часот;
- „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 18:59:29 часот до 19:25:07 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 19:25:12 часот до 19:30:46 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 19:30:51 часот до 19:36:25 часот;
- „5+ Фамилија“, емитувана во 19:37:36 часот до 20:08:09 часот;
- „Дора истражува“, емитувана во периодот од 20:09:53 часот до 20:32:50 часот;
- „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 20:32:57 часот до 20:43:00 часот;
- „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 20:43:05 часот до 21:03:43 часот;
- „Дајте музика“, емитувана во периодот од 21:04:53 часот до 21:33:50 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 21:33:55 часот до 21:39:28 часот;
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 21:39:41 часот до 21:45:16 часот;
- „Училиште за кловнови“, емитувана во периодот од 21:45:21 часот до 22:12:43 часот;
- „Македонски народни приказни“, емитувана во периодот од 22:16:28 часот до 22:39:20 часот;
- „Дора истражува“, емитувана во периодот од 22:39:24 часот до 23:03:24 часот;
- „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 23:03:29 часот до 23:31:54 часот;
- „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 23:31:59 часот до 23:57:37 часот; и
- „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 23:57:43 часот до 23:59:59 часот,

што е спротивно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-794/1 од 02.03.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, АААВМУ преку Секторот за програмски работи, на 2-ти март 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), емитуван на 2-ри февруари 2021 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Со надзорот е констатирано дека, на 2-ри февруари 2021 година, на телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), ниту една од емитуваните аудиовизуелни целини не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување, и тоа: „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 00:01:50 часот до 00:32:57 часот; „Дора истражува“, емитувана во периодот од 00:33:03 часот до 00:55:41 часот; „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 00:55:51 часот до 01:04:00 часот; „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 01:04:05 часот до 01:23:23 часот; „Дајте музика“, емитувана во периодот од 01:25:01 часот до 01:48:44 часот; „Поточиња 2018 г.“, емитувана во периодот од 01:48:50 часот до 01:51:55 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 01:52:00 часот до 01:57:37 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 01:57:48 часот до 02:03:23 часот; „Бон-тон“, емитувана во периодот од 02:03:31 часот до 02:11:28 часот; „Во светот на животните“, емитувана во периодот од 02:11:33 часот до 02:29:07 часот; „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 02:29:11 часот до 02:58:03 часот; „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 02:58:08 часот до 03:18:52 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 03:18:58 часот до 03:24:33 часот; „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 03:26:20 часот до 03:57:27 часот; „Дора истражува“, емитувана во периодот од 03:57:32 часот до 04:20:10 часот; „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 04:20:21 часот до 04:28:30 часот; „Македонски народни приказни“, емитувана во периодот од 04:28:35 часот до 04:54:35 часот; „Дора истражува“, емитувана во периодот од 04:54:38 часот до 05:12:37 часот; „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 05:18:41 часот до 05:47:33 часот; „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 05:47:39 часот до 06:08:22 часот; „5+ Фамилија“, емитувана во периодот од 06:08:29 часот до 06:39:38 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 06:39:43 часот до 06:51:00 часот; „Дора истражува“, емитувана во периодот од 06:52:39 часот до 07:15:33 часот; „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 07:15:41 часот до 07:25:44 часот; „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 07:25:49 часот до 07:46:28 часот; „Дајте музика“, емитувана во периодот од 07:47:27 часот до 08:16:35 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 08:16:40 часот до 08:22:13 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 08:22:26 часот до 08:28:00 часот; „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 18:12:43 часот до 18:22:44 часот; „Бон-тон“, емитувана во периодот од 18:22:49 часот до 18:30:52 часот; „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 18:30:58 часот до 18:59:23 часот; „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 18:59:29 часот до 19:25:07 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 19:25:12 часот до 19:30:46 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 19:30:51 часот до 19:36:25 часот; „5+ Фамилија“, емитувана во 19:37:36 часот до 20:08:09 часот; „Дора истражува“, емитувана во периодот од 20:09:53 часот до 20:32:50 часот; „Си било еднаш“, емитувана во периодот од 20:32:57 часот до 20:43:00 часот; „Зоки Поки“, емитувана во периодот од 20:43:05 часот до 21:03:43 часот; „Дајте музика“, емитувана во периодот од 21:04:53 часот до 21:33:50 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 21:33:55 часот до 21:39:28 часот; „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 21:39:41 часот до 21:45:16 часот; „Училиште за кловнови“, емитувана во периодот од 21:45:21 часот до 22:12:43 часот; „Македонски народни приказни“, емитувана во периодот од 22:16:28 часот до 22:39:20 часот, „Дора истражува“, емитувана во периодот од 22:39:24 часот до 23:03:24 часот; „Бушава азбука“, емитувана во периодот од 23:03:29 часот до 23:31:54 часот; „ТВ Лабораторија“, емитувана во периодот од 23:31:59 часот до 23:57:37 часот и „Улицата Сезам“, емитувана во периодот од 23:57:43 часот до 23:59:59 часот, што е спротивно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Согласно член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, задолжително е аплицирање на предупредувачка сигнализација пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите достапни во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, во сите видови играна програма и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-794/1 од 02.03.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) на 04.03.2021 година, испрати Допис Уп1 бр.03-141 од 04.03.2021

година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-794/1 од 02.03.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. На 15.03.2021 година, ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.03-1162/2 од 15.03.2021 година (наш Уп1 бр.03-141 од 15.03.2021 година). Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Изјаснување, при што заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-999/4 од 17.03.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-794/1 од 02.03.2021 година.

**Доставено до:**

- ЈРП МРТ Скопје, Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5);
- Овластеното лице - Директор на ЈРП МРТ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ЈРП МРТ Скопје, Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5);
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

02-03-2021
10 794 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5);
3. **Период опфатен со надзорот:** 2 февруари 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 март 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5), емитуван на 2 февруари 2021 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** (*програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација*).

Програмската понуда емитувана на 2 февруари 2021 година, претставува функционален состав од жанровски варијации на образовна програма, кои според изборот на темите и според пристапот/начинот на нивната аудиовизуелна обработка уредувачки се обмислени како програма примарно наменета за деца од (пред)училишна возраст. Меѓутоа, спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во кој се пропишува – задолжително аплицирање предупредувачка сигнализација, во сите видови играна програма и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица - ниту една од аудиовизуелните целини емитувани на 2 февруари 2021 година, воопшто не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетната публика ниту пред почетокот, ниту за време на нивното емитување.

**2.2.2021 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| 5+ Фамилија | 00:01:50 | 00:32:57 |
| Дора истражува | 00:33:03 | 00:55:41 |
| Си било еднаш | 00:55:51 | 01:04:00 |
| Зоки Поки | 01:04:05 | 01:23:23 |
| Дајте музика | 01:25:01 | 01:48:44 |
| Поточиња 2018 г. | 01:48:50 | 01:51:55 |
| Улицата Сезам | 01:52:00 | 01:57:37 |
| Улицата Сезам | 01:57:48 | 02:03:23 |
| Бон-тон | 02:03:31 | 02:11:28 |
| Во светот на животните | 02:11:33 | 02:29:07 |
| Бушава азбука | 02:29:11 | 02:58:03 |
| ТВ Лабораторија | 02:58:08 | 03:18:52 |
| Улицата Сезам | 03:18:58 | 03:24:33 |
| 5+ Фамилија | 03:26:20 | 03:57:27 |
| Дора истражува | 03:57:32 | 04:20:10 |
| Си било еднаш | 04:20:21 | 04:28:30 |

| | | |
|---|---|---|
| Македонски народни приказни | 04:28:35 | 04:54:35 |
| Дора истражува | 04:54:38 | 05:12:37 |
| Бушава азбука | 05:18:41 | 05:47:33 |
| ТВ Лабораторија | 05:47:39 | 06:08:22 |
| 5+ Фамилија | 06:08:29 | 06:39:38 |
| Улицата Сезам | 06:39:43 | 06:51:00 |
| Дора истражува | 06:52:39 | 07:15:33 |
| Си било еднаш | 07:15:41 | 07:25:44 |
| Зоки Поки | 07:25:49 | 07:46:28 |
| Дајте музика | 07:47:27 | 08:16:35 |
| Улицата Сезам | 08:16:40 | 08:22:13 |
| Улицата Сезам | 08:22:26 | 08:28:00 |
| Си било еднаш | 18:12:43 | 18:22:44 |
| Бон-тон | 18:22:49 | 18:30:52 |
| Бушава азбука | 18:30:58 | 18:59:23 |
| ТВ Лабораторија | 18:59:29 | 19:25:07 |
| Улицата Сезам | 19:25:12 | 19:30:46 |
| Улицата Сезам | 19:30:51 | 19:36:25 |
| 5+ Фамилија | 19:37:36 | 20:08:09 |
| Дора истражува | 20:09:53 | 20:32:50 |
| Си било еднаш | 20:32:57 | 20:43:00 |
| Зоки Поки | 20:43:05 | 21:03:43 |
| Дајте музика | 21:04:53 | 21:33:50 |
| Улицата Сезам | 21:33:55 | 21:39:28 |
| Улицата Сезам | 21:39:41 | 21:45:16 |
| Училиште за кловнови | 21:45:21 | 22:12:43 |
| Македонски народни приказни | 22:16:28 | 22:39:20 |
| Дора истражува | 22:39:24 | 23:03:24 |
| Бушава азбука | 23:03:29 | 23:31:54 |
| ТВ Лабораторија | 23:31:59 | 23:57:37 |
| Улицата Сезам | 23:57:43 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето:**<br><br>Ниту една од наведените програми не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5), на 2 февруари 2021 година, не ги означи емитуваните аудиовизуелни целини со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*